# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - второ полугодие на 2024 година

Данијела Спасиќ Томовска,
раководител

*ВОВЕД*

*Поштенскиот сектор претставува вителен дел од економската инфраструктура на една земја и од голема важност е да одговори на промените на современиот пазар и да понуди современи поштенски услуги.Поштенскиот сообраќај се јавува како посредник помеѓу големиот број корисници во пренос на информации,добра,деловна коресподенција и други пратки и со тоа придонесува за економскиот и културниот развој на една земја.*

*Принципите на кои се заснова организацијата на модрниот поштенски сообраќај,како што се достапноста на поштенските услуги,сигурноста и брзината на достава на поштенските услуги,унапредување на квалитетот, му овозможуваат на поштенскиот сектор да одговори на се посложените барања на современото опкружување и пазарот.*

*Сепак, секторот се мачи со мноштво предизвици, од трајните нарушувања предизвикани од глобални кризи, како што е пандемијата COVID-19, до трансформативните промени во однесувањето на потрошувачот во дигиталниот свет.*

*Поштенскиот сектор соочен со бројни предизвици, постојано се менува и трансформира, но има најсуштинска улога за одржлив раст и вклучување во денешниот глобален дигитален свет.*

*Пазарот на поштенски услуги е сегментиран по вид (писмо и пакет), територија (домашна и меѓународна), начин на ракување (стандардни поштенски услуги и експресни поштенски услуги) и сл. Анализата нуди податоци за големина на пазарот опфаќајќи ги овие сегменти на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија.*

Согласно законските одредби, а во функција на извршување на надлежностите на Агенцијата за пошти, давателите на поштенски услуги имаат обврска за доставување на податоци од своето работење и истите да ги достават со пополнување на Извештај за обезбедување на поштенските услуги два пати во годината[1].

Извештајот содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.

Во продолжение следи Анализата на пазар на поштенски услуги за второто полугодие од 2024 година, со направена споредба на податоците за второто полугодие од 2023 година. Основната цел на анализата е да се даде слика за вкупниот развој на поштенскиот сектор, дали одредени услуги имаат зголемување или намалување и ваквиот развој од аспект на светските трендови.

## *1. Даватели на поштенски услуги*

Во второто полугодие од 2024 година работеле вкупно 32 даватели на поштенски услуги.

Графикон 1: Број на даватели на поштенски услуги




[1] http://ap.mk/index.php/mk/formulari-analiza

Од вкупниот број на даватели на поштенски услуги 32 кои работеле во второто полугодие на 2024 година пополнети Извештаи доставиле 29 даватели, кои се предмет на оваа Анализа и на овој извештај.

Табела 1: Даватели на поштенски услуги

| | 2023 година второ полугодие | 2024 година прво полугодие |
|---|---|---|
| Давател на универзална услуга –АД Пошта на Северна Македонија | 1 | 1 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 34 | 31 |

## *2. Остварен обем на поштенски услуги*

Исполнување на обврската на давателите за поштенски услуги за доставување на Извештаите два пати годишно, дава и поточна слика за пазарот на поштенските услуги.

Табела 2: Податоци за обем на поштенски пратки

| | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие |
|---|---|---|
| Пошта на Северна Македонија | 13,530,700 | 13,140,470 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 5,618,330 | 4,241,806 |
| Вкупен обем | 19,149,030 | 17,382,276 |

Како што може да се забележи имаме намалување на вкупниот обем за второто полугодие во 2024 година, во однос на второто полугодие во 2023 година. Намалувањето на обемот во однос на истиот период во 2023 година изнесува околу 9 %.

Второто полугодие на 2024 година бележи намалување на обемот кај давателот на универзалната услуга од 2,9%.

Намалувањето на обемот кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар изнесува околу 24,5%

Графикон 2. Остварен обем кај даватели на поштенски услуги




Графикон 3:Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот




Во второто полугодие на 2024 година има зголемување на удел на пазарот на АД Пошта на Северна Македонија-давателот на универзалната услуга за 4,9 % во однос на второто полугодие на 2023 година.

Графикон 4: Движење на уделот на даватели на поштенски услуги на пазарот




## 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај АД Пошта на Северна Македонија

Табела 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај АД Пошта на Северна Македонија во рамки на универзалната услуга

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие |
|---|---|---|
| **Вкупен обем остварен од услугите во рамките на универзална услуга** | **13,358,857** | **12,983,573** |
| **1. Пратки за коресподенција** | 12,199,114 | 11,961,254 |
| **2. Мали пакети** | 0 | 0 |
| **3. Директна пошта** | 146,081 | 94,665 |
| **4. Пакети** | 81,947 | 74,856 |
| **5. Печатени работи** | 931,715 | 852,798 |
| **Вкупен обем остварен од услугите надвор од универзална услуга** | **849,450** | **192,374** |

Анализирајќи ги податоците во рамки на универзалната услуга се забележува опаѓање на услугите во рамки на универзалната услуга за околу 3%.

Табела 4: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија




Давателот на универзалната услуга остварил намалување на скоро сите услуги, и тоа во рамки на универзалната услуга околу 2,8 %. Пратките за коресподенција како услуга која треба да биде достапна до сите корисници, бележи опаѓање за 1,94%.

Табела 5: Вкупен обем на пратки за коресподенција

| Вкупен обем на пратки за коресподенција | *11,961,254* | *100%* |
|---|---|---|
| ***Писма*** | *11,921,544* | *99,7%* |
| ****Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга*** | *9,601,866* | *80,3%* |
| ***  Вкупен обем на писма до 50 грама*** | *8,184,382* | *68,4%* |

Во рамки на пратките за коресподенција писмото опфаќа 99,7 % од вкупниот остварен обем во оваа категорија, додека околу 68,4% се писма до 50 грама.

Табела 6: Вкупен обем на писма до 50 грама второ полугодие на 2023 година и второ полугодие на 2024 година

| | Второ полугодие 2023 | Второ полугодие 2024 |
|---|---|---|
| *Вкупен обем на пратки за коресподенција* | *100%* | *100%* |
| ***Писма*** | *99,5%* | *99,7%* |
| ****Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга*** | *78,4%* | *80,3%* |
| ***  Вкупен обем на писма до 50 грама*** | *65,8%* | *68,4%* |
| | | |

Табела 7: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија остварен во внатрешен поштенски сообраќај

| Внатрешен поштенски сообраќај | | |
|---|---|---|
| **Физички лица** | **Правни лица** | **Вкупно** |
| 1,161,755 | 9,391,928 | 10,553,683 |
| 11% | 89% | |

Графикон 5: Обем остварен во внатрешен поштенски сообраќај




Табела 8: Пратки за кореспонденција- внатрешен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за коресподенција во второто полугодие на 2024 година | Вкупен обем на пратки за кореспонденција во внатрешен сообраќај | Физички лица | Правни лица |
|---|---|---|---|
| *11,961,254* | 9.931.023 | 1.119.679 | 8.811.344 |
| | 83% | 11.3% | 88.7% |

Од вкупно остварениот обем на пратки за кореспонденција во второто полугодие на 2024 година, 83% е остварен во внатрешен сообраќај и тоа 88,7% од правни лица.

Табела 9: Пратки за кореспонденција – меѓународен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за коресподенција во второто полугодие на 2024 година | Вкупен обем на пратки за кореспонденција во меѓународен сообраќај | меѓународен појдовен сообраќај | меѓународен дојдовен сообраќај |
|---|---|---|---|
| *11,961,254* | 2.030.231 | 531.845 | 1.498.386 |
| | 17% | 26.2% | 73.8% |

Второто полугодие на 2024 година давателот на универзалната услуга бележи мало намалување на обемот на пакети за околу 8.65% во однос на второто полугодие на 2023 година. Зголемената потреба на корисниците за користење на он лине услуги, односно нарачување на услуги он лине и потребата за нивна достава до крајниот примач, го зголемува обемот на услугата пакети, и овој тренд треба да се покажува и кај давателот на универзалната услуга.

Графикон 6: Вкупен обем на пакети




Вкупниот процент на обемот на пакети кај давателот на универзалната услуга во однос остварениот обем на пакети на пазарот во Република Северна Македонија во второто полугодие на 2024 година (3,224,162) е многу мал и изнесува 2,32 %.

Графикон 7: Обем на пакети второ полугодие 2023-2024 година- АД Пошта на Северна Македонија




## 4. Вкупен обем на поштенски пратки кај Давателите на поштенски услуги на слободен пазар

Табела 10. Обем на поштенски пратки кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие |
|---|---|---|
| Вкупен обем на поштенски пратки | 5,571,600 | 4,241,806 |
| 1. Пратки за коресподенција | 1,270,481 | 591,933 |
| 2. Директна пошта | 146,432 | 374,062 |
| 3. Пакети | 4,090,991 | 3,224,162 |
| 4. Печатени работи | 300 | 0 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат намалување на вкупниот обем на поштенски пратки за околу 24 % и намалување на пратките за коресподенција за околу 53%,намалување на обемот на пакети за околу 21%,во однос на второто полугодие од 2023 год.

Табела 11. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пратки за коресподенција – 2024 година, второ полугодие




Од вкупно остварениот обем на пратки за кореспонденција на пазарот 12.553.187 пратки, давателот на универзалната услуга има остварено 95 %, а давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 5%, што всушност укажува дека нема конкуренција на пазарот во делот на пратките за кореспонденција.

Табела 12. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пакети - 2024 година, второ полугодие



Се забележува дека еден давател на поштенски услуги на слободниот пазар го има приматот во обезбедување на пратките за кореспонденција и пакети, а 5 даватели оствариле 82.3% од вкупниот обем на пакети.

Од 22 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работеле услугата пакети во извештајниот период, 3 од нив имаат намалување на обемот на пакети во второто полугодие на 2024 година во споредба со второто полугодие на 2023 година.

Во второто полугододие на 2024 година во споредба со второто полугодие на 2023 година 8 даватели на поштенски услуги имаат намалување на обемот на пратките за кореспонденција. Од 29 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работат со пратките за кореспонденција, 5 даватели на поштенски услуги имаат остварено 82,08 % од вкупниот обем на пратки за кореспонденција.

## 1. Пратки од е-трговија и пратки со откупнина кај даватели на поштенски услуги

Со новите извештаи за обезбедување на поштенски услуги, давателите на поштенски услуги се обврзани да доставуваат податоци и за услуги од е-трговија, како и пратки со откупнина. Следејќи го движењето на пазарот забележително е дека корисниците се повеќе користат пратки од е-трговија, и ја користат услугата за која плаќаат во моментот на приемот на пратката.

Е-трговијата претставува огромна можност за поштенски услуги бидејќи потрошувачите стануваат сè поудобни да нарачуваат предмети онлајн од платформите за е-трговија, а традиционалните услуги преминуваат во дигитални услуги. Со зголемувањето на обемот на онлајн продажба, е-трговците бараат исплатливи канали за достава и прием на производите. Поштенските услуги, со нивните долго-воспоставени национални мрежи и искуство во испораката до примачот, се појавуваат како ефикасни партнери во овој дел.

Табела 13. Пратки со откупнина кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Електронската трговија одигра особено позитивна улога за давателите на поштенски услуги придвижувајќи го обемот на пратките низ нивните поштенски мрежи во време на опаѓање на обемот на писмата.

Пратка со откупнина се врачува на примачот со претходна наплата на откупниот износ означен на самата пратка. Како пратка со откупнина може да се испрати секоја препорачана или вредносна пратка.

## 2. Број на вработени и точки за пристап во поштенскиот сектор

Бројот на вработени во поштенскиот сектор изнесува 2.744 лица од кои 1.676 вработени кај давателот на универзалната услуга, додека 1.068 вработени кај давателите на слободниот пазар. Давателот на универзална услуга има 252 договорни пошторазнесувачи и 13 лица ангажирани по договор за вршење на услуги.

Второто полугодие на 2024 година во однос на второто полугодие на 2023 година бележи намалување на вработени лица кај давателот на универзалната услуга од 8,3%.

Второто полугодие на 2024 година завршува со еднаков број на вработени лица кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар.

Односно намалувањето на вработени лица во поштенскиот сектор изнесува 5,2 %.

Табела 14. Број на вработени во поштенскиот сектор

| Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие |
|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 1827 | 1676 |
| - *Број на поштоpазнесувачи* | 517 | 469 |
| - *Договорни поштоpазнесувачи* | 270 | 252 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар | 1068 | 1068 |
| - *Број на поштоpазнесувачи* | 513 | 503 |
| - *Договорни поштоpазнесувачи* | 220 | 147 |

Табела 15. Точки на пристап - АД Пошта на Северна Македонија

| Точки за пристап | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 333 | 326 |
| 2. Поштенски сандачиња | 374 | 372 |
| 3. Поштенски преградоци | 6,539 | 6,539 |
| Вкупно | 7,246 | 7,237 |

Точките за пристап преку кои корисниците имаат пристап до универзалната услуга, но и на сите останати поштенски услуги, кај давателот на универзалната услуга се забележува една константа, но тоа е така и заради фактот дека намалување на точките за пристап подлежат на одредени законски постапки.

Табела 16. Точки на пристап – Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| Точки за пристап | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 184 | 216 |
| 2. Број на возила за обезбедување на услугите | 936 | 955 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на точките за пристап за 17% а исто така и зголемување на бројот на возила за околу 2%.

Графикон: 8. Договорни пошти, пошторазнесувачи и договорни пошторазнесувачи кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Само 6 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат пријавено дека работат преку договорни пошти.

## 3. Финансиски податоци од обезбедување на поштенски услуги

АД Пошта на Северна Македонија остварила повеќе вкупни приходи (44%) во 2024 година второ полугодие во однос на 2023 истиот период, но 2 % помалку остварила приходи од обезбедување на поштенски услуги. Во второто полугодие на 2024 година има реализирано 27% повеќе расходи во однос на второ полугодие на 2023 година.

*Табела 17. Остварени приходи и расходи*

| | А.Д. Пошта на Северна Македонија (денари) | | Останати даватели на поштенски услуги (денари) | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие | Зголемување/намалување % |
| Вкупни приходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги | 535,080,487 | 629,618,775 | 742,995,107 | 804,059,814 | 1,278,045,594 | 1,433,678,589 | 12% |
| Вкупни расходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги | 738,290,347 | 936,325,461 | 631,071,126 | 679,755,694 | 1,369,361,473 | 1,616,081,155 | 18% |

Приходите за второто полугодие на 2024 година кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат зголемување од 8 %, а целиот поштенски сектор има зголемување на приходи од 12%.

Графикон 9. Остварени приходи од писма и пакети во рамки на универзалната услуга




Табела 18.Остварени приходи од обезбедување на универзална услуга

| | Вкупно приходи во универзална услуга | Вкупно приходи | Остварен процент |
|---|---|---|---|
| **АД Пошта на Северна Македонија** | **515,240,827** | 629,618,775 | **81.8%** |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 699,548,302 | 804,059,814 | **87%** |

Доколку се анализира обемот и остварените приходи се доаѓа до заклучок дека давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат намалување на обем од околу 24,5 %, а имаат зголемување на приходите за 8 %.

Табела 19. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најмногу остварени приходи

| Даватели со најмногу приход | Процент од вкупни приходи |
|---|---|
| ДХЛ | /% |
| Еко Логистик | /% |
| Карго Експрес | /% |
| ТПЛ Тотал Пост Логистик | /% |
| Ин Тиме МК БПС | /% |
| | 83.25% |

Од вкупно оствареniот приход од обезбедување на поштенски услуги 5 даватели имаат остварено 83,25 %.

## 3. Рекламации по поштенски пратки

Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар е зголемен во однос на второто полугодие на 2023 година,за околу 15%,а кај давателот на универзалната услуга има намалување на рекламациите за околу 30%.

Табела 20. Податоци за безбедноста и рекламации на поштенски пратки

| Рекламации | 2023 второ полугодие | 2024 второ полугодие |
|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 136 | 95 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 754 | 886 |

Табела 21. Број на рекламации по видови на пратки

| | Обични писма | Препорачани писма | Вредносни писма | Пакети | Вредносни пакети |
|---|---|---|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | | 95 | | | |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 86 | 83 | 0 | 646 | 71 |

Давателот на универзалната услуга има најмногу рекламации за препорачани писма 100% , а корисниците рекламирале за пречекорување на рокот за достава и за изгубени препорачани писма, додека кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар корисниците рекламирале по основ на пречекорување на рокот за достава и за оштетени и изгубени пакети од 46,5%.

Графикон 10: Рекламации кај Даватели на поштенски услуги




Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги е 0,006% во однос на вкупно остварениот обем.